РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-1064/3
19-05-2022

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 67 - та седница, одржана на 13.05.2022 година ја донесе следната

ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 09-4096/1 од 27.10.2021 година, против ---------, вработен во ----------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Врз основа на пријава од познат подносител оформен е предмет број 09-4096/1 од 27.10.2021 година со наводи дека лицето ----------, раководител на сектор инспекторат на ---------- ја користи неговата позиција како вработен во ---------- и извршил влијание за негово блиско лице (татко) иако е пензионер да го врати на работа во ЈСП Скопје.

Поради фактот што во пријавата немаше доволно елементи за кое лице станува збор (име и презиме) и работната позиција за истото, ДКСК се обрати до подносителот на пријавата и побара допрецизирање на истата.

Имено, во допрецизирањето на пријавата беа доставени податоци дека лицето --------, сега пензионер, а претходно вработен во ----------, татко на пријавениот --------, бил вратен на работа во ---------- и тоа најверојатно како надворешен соработник. Исто така, пријавителот има наведено и дополнителни податоци кои се ирелевантни за утврдување на фактичката состојба во конкретната ситуација.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

По разгледување на предметните наводи, ДКСК на 67 - та седница констатира дека во конкретниот случај не може да се покрене постапка за утврдување на состојба на судир на интереси согласно член 76 став 1 од ЗСКСИ, бидејќи во пријавата нема елементи за надлежно постапување.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска

По заклучок на ДКСК :
Изработил: К.З., раководител
Одобрил: Г.Т., член на ДКСК